REPUBLIKA MAKEDONIJA
SOVET NA JAVNITE OBVINITELI NA REPUBLIKA MAKEDONIJA

# Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА**

**РАБОТАТА НА**
**СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**за 2009 година**

**Февруари 2010 година**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 22-02-2010 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 863/1 | | |

А Бр.57 /10
Скопје, 18.02.2010 година

**ДО**
**СОБРАНИЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во прилог на писмото Ви доставуваме примерок од Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Македонија за 2009 година.

Со почит,

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**ЕЛЕНА ГОШЕВА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Прилог Годишен извештај

СОДРЖИНА:

ВОВЕД....................................................................................................................3

I. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ..........................................................................................3

II. ИЗБОРИ И ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈА...................................................... 4

III. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ.....................................6

IV. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА .......................................................................7

V. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ ...............................................................................7

VI. МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА...............................................8

Советот на јавните обвинители на Република Македонија (подолу Советот), основан согласно Уставот на Република Македонија и Законот за Советот на јавните обвинители како значајна новина во стратегијата за реформа на правосудниот систем, во изминатата 2009 година - прва по неговото конституирање во 2008 година, своите активности ги насочи кон остварувањето на основната цел – обезбедување и јакнење на самостојноста на јавните обвинители во извршување на нивната функција.

Ваквата поставеност значеше етаблирање на компетентноста на Советот, неговата професионалност и независност како значајни предуслови согласно одредниците за отпочнување на преговорите за членство во Европската унија и приближување кон модерните меѓународни стандарди.

Ако претходната 2008 година беше карактеристична со нагласена нормативна активност, при што беа донесени сите со закон утврдени подзаконски акти – деловници и правилници, 2009 година е карактеристична по нивната имплементација и ставање во функција на примарната цел - избори на јавните обвинители.

Извештајот за работа на Советот, имајќи ја во вид содржината на со закон утврдените обврски и овластувања, нема аналитички пристап кон обработка и прикажување на податоците, а единствено има цел реално да ги прикаже сите активности и постигнати резултати.

## I - СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ

Советот на јавните обвинители на Република Македонија како колективен орган согласно Законот за Советот, во текот на 2009 година одржа вкупно 35 седници – во просек по три секој месец. Централно место во работењето на Советот беше посветено на прашањата за изборите и разрешувањата на јавните обвинители. Во таа насока, Советот на повеќе од половина од одржаните седници на дневен ред ја имаше реализацијата на сите прашања поврзани со изборите – утврдување на број на јавнообвинителски места, непополнети јавно обвинителски места, распишување огласи , избори ..... Тематски на седниците на Советот се разгледуваа и:

- прашања од административно организациона природа;
- прашања поврзани со потреби од јавни набавки;
- годишните извештаи на јавните обвинителства;
- прашања за материјално финансиската состојба на јавните обвинителства и Советот;
- прашања поврзани со меѓународната соработка и соработка на Советот со Републичкиот судски совет, Академијата за обука на судии и јавни обвинители и други институции и
- закони од организациона и материјално процесна природа.
- претставки и поплаки поднесени од граѓани.

Со посебно внимание на седниците на Советот беа разгледани извештаите од контролите кои Јавниот обвинител на Република Македонија и вишите јавни

обвинители ги спроведоа во основните јавни обвинителства за нивното работење во изминатите години.

## I I - ИЗБОРИ И ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА

### - ИЗБОРИ

Советот на јавните обвинители на Република Македонија, на седница одржана на 01.09.2008 година донесе одлука за утврдување на бројот на јавните обвинители на и во јавните обвинителства во Република Македонија. Според оваа одлука утврдени се 209 јавно обвинителски места во: Јавното обвинителство на Република Македонија , Вишите јавни обвинителства во Скопје, Битола, Гостивар и Штип и 22 основни јавни обвинителства. Со истата одлука во Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција се утврдени 13 јавнообвинителски места.

Извештајната 2009 година е посебно карактеристична по тоа што на околу од 80 % јавни обвинители и заменици јавни обвинители именувани согласно Законот за јавни обвинители од 1996 година им истекуваше мандатот од шест години, и сите тие до Советот, согласно чл.94 од Законот за јавното обвинителство доставија барање за избор за јавни обвинители без ограничување на мандатот.

| Поднесени барања согласно чл.94 од Законот за јавно обвинителство | | |
|---|---|---|
| | избрани | престанок на функција |
| ЈОРМ | **7** | - |
| Виши јавни обвинителства | **16** | 2 |
| Основните јавни обвинителства | **97** | 11 |
| Вкупно | **120** | **13** |

Во текот на годината, Советот на повеќе седници донесе одлуки за распишување огласи за избор на вкупно 58 јавни обвинители во сите јавни обвинителства во Републиката.

По спроведената законска постапка, Советот изврши избор на 52 јавни обвинители од кои:

| | |
|---|---|
| Јавно обвинителство на Република Македонија | 4 |
| Јавни обвинители на Вишите јавни обвинителства | 3 |
| Јавни обвинители во Вишите јавни обвинителства | 6 |
| Јавни обвинители во ОЈО за организиран криминал и корупција | 1 |
| Јавни обвинители на Основните јавни обвинителства | 11 |
| Јавни обвинители во Основните јавни обвинителства | 27 |
| ВКУПНО | 52 |

За одбележување е што во 2009 година за првпат се изврши избор на 11 јавни обвинители, во Основните јавни обвинителства од редот на првата генерација кандидати кои ја завршија успешно обуката во Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија.

- ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈА И РАЗРЕШУВАЊЕ

Во текот на 2009 година Советот на јавни обвинители со одлука констатираше престанок на функцијата и разрешување на вкупно 16 јавни обвинители.

Престанок на функцијата беше констатиран по барања поднесени од четири (4) јавни обвинители, а за пет (5) јавни обвинители беше констатиран престанок поради исполнување на услови за пензионирање.

Поради нестручно и несовесно вршење на функцијата, Советот разреши пет (5) јавни обвинители , а два (2) јавни обвинители беа разрешени поради недостојно однесување во врска со извршувањето на функцијата.

На крајот на 2009 година по спроведените избори и констатирање престанок на функцијата јавен обвинител, состојбата со пополнетите и непополнетите јавни обвинителски места согласно одлуката за утврдениот број по подрачја на Вишите јавни обвинителства е следна:

| Utvrden broj na Javni obviniteli | | Popolneti | % | nepopolneti |
|---|---|---|---|---|
| JORM | 12 | 11 | 91,66 | 1 |
| VJO SKOPJE | 110 | 102 | 92,72 | 8 |
| VJO BITOLA | 36 | 34 | 94,44 | 2 |
| VJO GOSTIVAR | 19 | 17 | 89,47 | 2 |
| VJO ШTIP | 32 | 28 | 87,5 | 4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Bkupno | 209 | 192 | 91,86 | 17 |

Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција според одлуката за систематизација има 13 јавни обвинители од кои пополнети се 8 јавно обвинителски места, а за останатите постапката, по завршен оглас, е во тек.

Согласно чл.95 од Законот за јавно обвинителство и одлуката што Советот ја донесе на своја седница во текот на 2010 година, од непополнетите 15 јавно обвинителски места во Основните јавни обвинителства, 13 места ќе пополни со кандидати од втората генерација која ја заврши обуката во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

## III ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ

Согласно чл.9 од Законот за Советот на јавните обвинители, Советот постапува по претставки и поплаки поднесени од граѓани и правни лица – незадоволни од работата на јавните обвинители, а податоците за истите се составен дел од годишниот извештај.

Во текот на 2009 година до Советот биле поднесени вкупно 169 претставки и поплаки од кои по 167 Советот се произнел и ги известил подносителите, додека само две претставки поднесени кон крајот на годината останале во работа.

Од вкупниот број на претставки, 112 се поднесени од граѓани, 34 се поднесени од правни лица, а за 23 претставки подносителот е анонимен.

| PODNESENI PRETSTAVKI | | | |
|---|---|---|---|
| | Vkupno | vo rabota | zavrшeni(a/a) |
| Fizi~ki lica | 112 | 2 | 110 |
| Pravni lica | 34 | / | 34 |
| Анонимни | 23 | / | 23 |
| Вкупно | **169** | **2** | **167** |

Советот постапувајќи по поднесените претставки и поплаки согласно со закон утврдената надлежност, ги проверува наводите преку непосреден увид или постапува согласно чл.21 од Законот за јавното обвинителство барајќи од непосредно повисоките јавни обвинителства да извршат надзор и контрола по конкретен предмет. Во оваа смисла по две претставки по извршена контрола, Советот се произнел за потреба од поведување дисциплински постапки за

двајца јавни обвинители за што го информирал Јавниот обвинител на Република Македонија.

Структурата на претставките по подрачја на вишите јавни обвинителства е следна:

| **Претставки според подрачја на Виши јавни обвинителства** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Скопје | Bitola | Gostivar | Штip | вкупно |
| 93 | 20 | 24 | 32 | 169 |

## IV МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Реализирајќи ја програмата за работа на Советот за 2009 година на планот на меѓународната соработка, Советот во текот на месец јули оствари студиска посета на Високиот Совет на магистратите во Република Италија. Оваа студиска посета беше реализирана во соработка и поддршка од Европската унија и Министерството за правда на Република Македонија. При посетата покрај средбата со колегите од Високиот совет на Магистрати беше остварена средба и со Претседателот на Касациониот суд на Италија и Јавниот обвинител на Република Италија.

Во рамките на меѓународната соработка Советот во 2009 година имаше **одвоено** две средби со претставници на амбасадата на САД во Република Македонија и тоа од одделот за односи со јавноста и одделот за соработка со јавното обвинителство. Советот имаше непосредно преку свој претставник учество и во активностите на поткомитетот за правда и внатрешни работи за напредокот во пристапувањето кон законодавството на Европската унија.

## V ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

- Советот на јавните обвинители во 2009 година непосредно и активно учествуваше во проектите на Министерството за правда за измени на Законот за кривична постапка, Кривичниот законик, Законот за Академијата за судии и јавни обвинители и Законот за плати на членови на Советот и Законот за плати на јавните обвинители.

- Советот во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители реализираше тркалезна маса на која се расправаше за условите и критериумите за избор на јавните обвинители.

- Во 2009 година Советот во целост ги имплементираше Правилникот за формата и содржината на образецот и постапката за издавање и одземање на службени легитимации на членовите на Советот и јавните обвинители.

- Во текот на годината Советот реализираше работни посети на дел од Основните јавни обвинителства.

## VI МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

Во поглед на материјално финансиската состојба во овој извештај може да се констатира единствено дека Советот на јавните обвинители нема сопствен буџет, дека е дел од буџетската програма на Јавното обвинителство на Република Македонија што заедно со хроничниот недостаток од финансиски средства има негативни последици врз редовното работење и реализација на законските обврски.

*

Како резиме може да се констатира дека Советот на јавните обвинители на Република Македонија во текот на 2009 година и покрај објективните потешкотии од материјално финансиска природа, успешно ги оствари законските обврски особено на планот на изборот на јавните обвинители и постапувањето по претставките и поплаките.

За што поголема успешност Советот како приоритети утврдени во програмата за 2010 година на кои ќе обрне особено внимание, ги утврди:

- унапредување на стратегијата за избори на јавни обвинители за идните пет години,
- реализација на обврската за контрола и надзор над работење на јавни обвинители со оценка за степенот на нивната успешност,
- ажурирање на персоналните листи за секој јавен обвинител,
- унапредување на соработката со Републичкиот судски совет и Академијата за обука на судии и јавни обвинители,
- унапредување на меѓународната соработка пред се со сродни институции во регионот, а потоа и пошироко,
- набавка на софистицирана информатичка технологија и опрема за електронско гласање,
- Дефинирање на буџетскиот статус на Советот и обезбедување на материјално финансиски средства кои ќе овозможат ефикасно функционирање.

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА